**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ОСМАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 08.02.2022 година

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Осмата седница на
Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 08.02.2022 година**

Седницата започна во 10:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на денешната седница на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба; и
2. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисјата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 08.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - Тодор Петров.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **10:20** часот.

**Број 09-1267/3**
**од 14.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот